ОПШТИНА БИТОЛА

Врз основа на член 22 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), член 16 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола" бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Програмата за заштита на животната средина за 2024 година („Службен гласник на Општина Битола" бр.18/23 и 11/24) и Записните од седниците на Комисијата за човекова средина од бр.09-121/2 од 04.10.2024 година и Комисијата за финансии и буџет бр.09-120/2 од 04.10.2024 година, Општина Битола објавува

# ЈАВЕН ПОВИК
## за надоместување на дел од трошоците за набавена нова ПВЦ или алуминиумска дограма за домаќинствата на подрачјето на Општина Битола за 2024 година

### 1. Опис на Јавниот повик

1.1 Со цел зголемување на енергетската ефикасност на домаќинствата преку замена на старата, дотраена и енергетско неефикасна дограма со нова ПВЦ или алуминиумска дограма за домаќинствата на територија на Општина Битола, на барателите за надоместување на дел од трошоците за набавка и монтажа на нова ПВЦ или алуминиумска дограма, Општина Битола ќе им обезбеди поврат на средства во висина од 30% од вредноста, но не повеќе од 30.000,00 денари.

Потенцијални добитници на надоместок се единствено лицата со живеалиште во Општина Битола кои имаат набавено и монтирано нова ПВЦ или алуминиумска дограма во периодот од 04.10.2024 до 24.10.2024 година во живеалиштето согласно важечката лична карта и кои ќе ја поднесат целосната документација наведена во точка 2.1 од овој Јавен повик.

На Јавниот повик немаат право на учество сопствениците на станбени објекти кои се сеуште во фаза на изградба.

1.2 Јавниот повик е објавен на веб страната на Општина Битола и на огласната табла. Јавниот повик трае од 04.10.2024 година до 24.10.2024 година а поднесувањето на документацијата е согласно рокот наведен во точка 2.2 од овој јавен повик.

1.3 Едно лице може да поднесе само едно барање за добивање на надоместок по овој Јавен повик а рангирањето на барањата ќе се врши по принципот **„прв дојден прв услужен"**(со комплетна и точна документација)

1.4 Доколу има две или повеќе барања од лица кои живеат на иста адреса на живеење добитник на надоместок може да биде само едно лице од истата адреса на живеење кое прво аплицирало.

1.5 Некомплетната и ненавремена апликација ќе се смета за одбиена.

1.6 Апликантот или друго лице со иста адреса на живеење согласно личната карта, кои добиле финансиски надоместок за набавка на нова ПВЦ или алуминиумска дограма од страна на Општина Битола на претходниот јавен повик во 2023год. ќе бидат одбиени.

Доколку како апликант се јави лице чија што адреса на живеење соодветствува со адресата на живеење на добитници на претходни јавни повици за финансиски надоместок за набавка на нова ПВЦ или алуминиумска дограма на претходни јавни повици од страна на Општина Битола има право да докажи дека се работи за различни влезови во станбен објект со соодветна документација побарана од Комисијата согласно 3.5 од овој јавен повик, во спротивно ќе биди одбиен.

**2. Потребна документација за аплицирање по Јавниот повик**

2.1 За надоместување на дел од трошоците за набавка и монтажа на нова ПВЦ или алуминиумска дограма, барателот ги поднесува следните документи:

- Пополнето Барање кое може да се преземе од веб страната на Општина Битола - https://www.bitola.gov.mk/ или на шалтери
- Доказ во **оригинал** дека е извршено купувањето на ПВЦ или алуминиумска дограма и тоа:
    - Фискална сметка (со датум од 04.10.2024 година до 01.11.2024 година)
- Фотографии во боја од старата дограма која се заменува и фотографии во боја од новата ПВЦ или алуминиумска дограма која е вградена во домот (пред и потоа).
- Фотокопија од **важечка** лична карта од барателот.
- Фотокопија трансакциска сметка на име на барателот.
- Изјава заверена на нотар од барателот дека лично тој или член на неговото потесно семејство немаат искористено право на поврат на средства за набавка на ПВЦ дограма, на претходни јавни повици спроведени од Општина Битола и дека дава согласност за користење и обработка на неговите лични податоци.

2.2 Поднесувањето на документацијата ќе се извршува по завршување на јавниот повик, односно од 24.10.2024 до 01.11.2024 година од 08:00 часот до 15:30 часот на шалтер бр.1 обележан во дворот на општинската зграда.

2.3 Документацијата се поднесува во затворен плик со назнака „Апликација по Јавен повик за надоместување на дел од трошоците за нова ПВЦ или алуминиумска дограма за домаќинствата на подрачјето на Општина Битола за 2024 година." и име и презиме на апликантот.

**НАПОМЕНА**:

Доколку кон апликацијата се приложени повеќе фискални сметки, Комисијата ќе ја уважи само онаа со највисоко исплатен износ,а другите фискални сметки нема да ги земе предвид.

Апликацијата со целата приложена документација во момент на поднесување се смета за конечна и како таква ќе биде разгледувана,така што апликантите немаат можност од тој момент истата да ја надополнуваат или променат освен во случаите од точка 3.5.

Комисијата при разгледување на пристигнатите апликации нема да ги земе предвид и да ги цени сите документи кои не се таксативно наведени во точка 2.2, а се доставени заедно со апликацијата, при што нема обврска потоа истите да ги врати на апликантите.

**3. Начин на спроведување на јавниот повик**

3.1 Бројот на добитници е ограничен до висина на определениот износ од Програмата за животна средина на Општина Битола за 2024 година од 2.000.000,00 (два милиони) денари вклучувајќи го и персоналниот данок на личен доход од 11,111%.

3.2 Комисијата формирана со Решение од Градоначалник, ќе состави прелиминарна листа на добитници на надоместокот на апликанти кои ги исполнуваат условите до исцрпување на износот наведен во точка 3.1 од овој Јавен повик за набавка и монтирање на нова ПВЦ или алуминиумска дограма во домаќинствата при што истата ќе биди објавена на веб страната на Општина Битола.

3.3 Незадоволните апликанти имаат право да поднесат приговор во рок од 3 дена по објавувањето на прелиминарната листа до Комисија за разгледување на приговори формирана од Градоначалникот составена од членови кои претходно не учествувале во резгледувањето на документацијата по наведениот јавен повик. Пристигнатите приговори се разгледуваат во рок од 3 дена по завршување на рокот за поднесување на приговори.

3.4 Во рок од 3 дена по завршување на рокот за разгледување на приговорите, Комисијата за разгледување и одлучување по апликациите до Градоначалникот на Општина Битола поднесува листа на добитници и истата се објавува на веб страната на Општина Битола.

3.5 Доколку Комисијата за разгледување и одлучување по апликациите има потреба од дополнително утврдување на фактичката состојба, може да побара од апликантот да достави дополнителна документација или да ја утврди состојбата на терен.

3.6 Исплатата ќе се врши по редослед на поднесените барања до исцрпување на средствата предвидени за оваа намена во Буџетот на Општина Битола, односно согласно принципот – **„прв аплицирал прв услужен**".

**4. Начин на остварување на правото на надоместок**

4.1 Градоначалникот на Општина Битола ќе донесе Решение за исплата на надоместокот во вредност од 30% од вредноста но не повеќе од 30.000,00 денари за набавка и монтирње на нова ПВЦ или алуминиумска дограма за домаќинствата, доколку утврди дека се исполнети условите од овој Јавен повик.

Бр 09-115/1
04.10.2024 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
Габриела Илиевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНАТА
ОПШТИНА БИТОЛА